ИЗРАБОТУВА: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА
УСВОЈУВА : УПРАВЕН ОДБОР
ДОНЕСУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА
БИТОЛА

# Предлог финансов план за работа на ЈП Комуналец Битола за 2026 година



## ВОВЕД

Управувањето со животната средина претставува организиран систем на мерки и активности наменети за намалување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Воспоставувањето на организиран интегриран систем на управување со отпадот, управувањето и одржувањето со јавната чистота, како и одржување на јавни зелени површини, претставува систем на комбинација на различни законски, економски и технички мерки со цел воспоставување на одржлив систем на управување.

Правилниот начин и третман на животната средина придонесува ефикасна комунална услуга како стопанска дејност за задоволување на потребите на граѓаните на територијата на Општина Битола.

Согласно законската регулатива за животна средина управувањето со отпадот и одржувањето на јавната чистота е надлежност на локалната самоуправа која е должна да обезбеди услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности со потребен квалитет и обем на комуналните услуги.

Вршењето на комуналната услуга на територијата на Општина Битола го врши ЈП Комуналец преку организиран систем на управување, преку годишни планови и програми за работа.

Основната дејност на јавното претријатие е управување со комунален и друг вид на неопасен отпад, одржување на јавни зелени површини, одржување на јавна чистота и уредување и одржување на гробишта.

ЈП Комуналец Битола ја одржува и сервисира опремата за уличното осветлување на територијата на Општина Битола, како и реоните на Бистрица, Цапари и Кукуречани. Во делокругот на работењето опфатено е и  замена на живини, натриумови и флуоресцентни светилки со лед светилки, за поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување на подрачјето на Општина Битола.

За работа на прифатилиштето за бездомни животни Хачико се изработува Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола. Прифатилиштето ги задоволува сите стандарди за хуман третман на животните. За функционирање на прифатилиштето исто како и минатата година и во 2026 година сме отворени за соработка со здруженија на граѓани, активисти и ветеринарни друштва.

ЈП Комуналец Битола е дел од проектот RU READY, 24 месечна прекугранична иницијатива која ја промовира циркуларната економија и одржливото управување со отпад.
Проектот се реализира во рамките на INTERREG VI-A ИПА програма „ Грција-Северна Македонија 2021-2027" и е кофинансиран од Европската унија и националните фондови на двете земји со вкупен буџет од 851.754,18 евра.
Во рамките на проектот, ЈП Комуналец ќе го воспостави првиот Центар за повторна употреба во Северна Македонија, кој ќе им овозможи на граѓаните да можат да донираат материјали и производи наместо да ги фрлаат и истите да завршат на депонија, а од друга страна бесплатно да ги подигаат и користат материјалите и производите кои би им биле потребни.
Со ова ја правиме Битола првиот град во земјата што воведува ваков современ пристап кон управувањето со отпад. Проектот директно ги таргетира домаќинствата и граѓаните кои ќе усвојат нови навики за рециклирање и повторна употреба во нивниот секојдневен живот.
Проектот RU READY претставува важен чекор кон позелена иднина, нови работни можности и зголемена еколошка свест. Веруваме дека преку соработка и заеднички напори- институциите, граѓаните и локалните бизниси- можиме да дадеме свој придонес за почиста средина и поодржлива заедница.

Својата дејност јавното претпријатие ја врши со 259 работници распоредени во седум сектори:

- Сектор Комунална хигиена
- Сектор Јавно зеленило
- Сектор Уредување и одржување на гробишта
- Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за Финансии, сметководство и комерција
- Сектор Канцеларија на директор
- Сектор за Технички работи и развој.

## Предлог план за работа на Секторот Комунална хигиена
## Основна дејност

Основна дејност на Секторот Комунална хигиена е организирање на интегриран систем на управување со комунален неопасен отпад, како и селектиран отпад на територијата на Општина Битола, односно негово собирање, селектирање, транспортирање, третман, складирање и отстранување (депонирање) на отпад од специјализирани садови за отпад (канти од 120 л. и 240 л. и контејнери од 1,1 $м^3$ и од 5 $м^3$).

Во состав на Секторот Комунална хигиена спаѓаат:

- Одделение за собирање,транспортирање и селектирање на отпад
- Одделение за депонирање на отпад.

**Собирање и транспортирање на отпад**

Во 2026 год. Сектор Комунална хигиена собирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад ќе го врши од 14 реони. Од 12 реони собирањето на комуналниот отпад ќе се врши од физички и правни лица, од 1 реон собирањето на отпадот ќе се врши во контејнери од 5м³ каде ќе се собира индустриски неопасен отпад.

Селективното собирање на отпадната хартија и отпадната пластика (PET) се врши одделно од комуналниот отпад на целата територија на градот како посебен реон.

Доколку постојат реални услови за проширување на услугата за собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад во руралните средини во 2026 година се предвидува дооформирање на уште еден реон за собирање на комунален отпад, кој делумно е отпочнат и во него се опфатени пет села и би се опфатиле уште неколку.

Собирањето и транспортирањето на посебните видови на отпад гломазен (габаритен отпад), отпад од електрична и електронска опрема и др. видови на отпад ќе се врши континуирано цела година, преку организирање на акции со правни лица за управување со наведените видови на отпад.

**Селективно собирање**

ЈП Комуналец предвидува проширување на процесот на селектирање на отпадот и тоа во делот на селекцијата на отпадната хартија и пластиката.

Проширувањето на процесот на селективно собирање на отпадната пластика се предвидува во индивудуалните домаќинства. За тоа потребно е обезбедување на:

- 200 пластични канти со капацитет од 120 литри (жолта боја) наменети за собирање на отпадна (PET )пластика од индивидуални домаќинства.

Проширување на процесот на селективно собирање на отпадната пластика се предвидува и во колективните домаќинства со дополнително распоредување на контејнери од 1,1м³. За таа цел се предвидува да се обезбедат:

- 10 контејнери пластични во жолта боја со капацитет од 1,1м³ за селективно собирање на отпадна хартија

- 10 контејнери пластични во сина боја со капацитет од 1,1м$^3$ наменети за колективните домаќинства.

Се предвидува и распределба на канти за селекција на отпадна пластика кои се добиени како донација од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Садови за собирање на комуналниот отпад**

За 2026 година се предвидуваат да се набават:

- 100 контејнери со капацитет од 1,1м$^3$пластични (зелена боја),
- 70 контејнери со капацитете од 1,1м$^3$ метални (поцинковани),
- 200 пластични канти (зелени) со капацитет од 120 литри;
- 50 пластични канти (зелени) со капацитет од 240 литри

**Возен парк**

За ефикасно извршување на работните задачи, односно за безбедно собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на Општина Битола, како и за потребите на Секторот Комунална хигиена на располагање се вкупно 15 специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад и едно лесно возило.

Потребно е набавка на:

- две специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет на надградба од 12м$^3$ и со надградба од 14 м$^3$
- десет возила кои ќе бидат донација од Министерството за животна средина и просторно планирање

**Депонија Мегленци**

За работата на депонијата во 2026 година се предвидува да се работи според Планот и програмата за депонирање на комунален отпад во депонија Мегленци.

Во 2026 год се продолжува со Проектот на мониторинг на депонијата односно со комплетното евидентирање на отпадот што се депонира.

За потребите на депонијата ангажирано е возило булдужер LIU GONG CLGB 169R.

**Проекти**

Секторот Комунална хигиена активно ќе се вклучува во изработката на планска и проектна документација која се однесува на управувањето со отпадот. Исто така ќе бара можности за добивање на средства од меѓународните фондови.

За успешна реализација на наведените активности потребни е дополнително ангажирање на вработени лица. Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2026 за Сектор Комунална хигиена до одделението за човечки ресурси ( два до три возачи и пет до десет работници ).

**Инвестиционен план**

| | Средства | количина | износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Специјално возило за собирање на комунален отпад | 2 | 30.000.000 |
| 2. | Пластични контејнери со капацитет од 1,1м$^3$ (зелена боја) | 100 | 1.400.000 |
| 3. | Метални поцинковани контејнери од 1,1м$^3$ | 70 | 2.850.000 |
| 4. | Пластични канти од 120 литри | 200 | 400.000 |
| 5. | Пластични канти од 240 литри | 50 | 200.000 |
| 6. | Тампон и земја за посипување | | 5.000.000 |
| **ВКУПНО** | | | **39.850.000** |

Средствата за реализирање на овие проекти ќе се обезбедат од сопствени приходи и донации.

**Планирани приходи**

Во Секторот Комунална хигиена вкупниот приход се планира да изнесува 153.659.500 ден. или 52% од вкупниот приход на претпријатието.

Приходи од ѓубретарина од население ..............................................82.400.000 ден
Приходи од ѓубретарина од правни субјекти.....................................32.800.000 ден
Приходи од собирање и деп.на комунален отпад...............................3.700.000 ден

Приходи од продажба на отпадна пластика ............................................90.000ден
Приходи од балирање и собирање на хартија...................................... 827.000 ден
Приходи од продажба на пластични канти............................................550.000 ден
Приходи од продажба на ситен инвентар .........................................  992.500 ден
Други приходи .......................................................................................16.300.000 ден

Приходи од проекти ..............................................................................16.000.000 ден

**ВКУПНО** **153.659.500 ден.**

**Кадровска опременост 60 работници**

Секторот Комунална хигиена расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 2
- Средна стручна спрема ССС 29
- Основно образование ОО 29

## Предлог план за работа на Секторот Јавно зеленило
## Основна дејност

Одржувањето на зелените површини во градот претставува една од клучните обврски на современото урбано управување. Парковите, дрворедите, зелените појаси и малите урбани градини не се само украс на градот, туку и значајни еколошки ресурси. Затоа е важно редовно да се спроведува нивно уредување-косење и наводнување на тревниците, кастрење на дрвјата, обновување на цветните леи, поставување урбана опрема и одржување на чистотата. Со ова се создава безбедна и уредна околина која им овозможува граѓаните да уживаат во природата без да го напуштат урбаното подрачје. Покрај тоа, парковите се места каде се гради социјален живот-тука се одржуваат дружења, семејни прошетки, спортски настани и културни активности, што создава чуство на заедништво и поврзаност меѓу граѓаните.
На крај, зелените површини претставуваат вистинско богатство за секој град. Тие се оаза на мир и природа во урбаниот хаос, а нивното правилно одржување е инвестиција во здравјето, благосостојбата и квалитетот на живот на сите жители. Затоа е потребно постојано внимание, грижа и одговорност, за овие простори да продолжат да ја исполнуваат својата важна улога во секојдневието на граѓаните.

Основна дејност на Секторот Јавно зеленило е уредување, одржување, заштита и реконструкција на јавни зелени површини, односно подигање на јавно зеленило, како и одржување на јавната чистота на територијата на Општина Битола, односно миење, метење, чистење на снег, празнење на корпи со отпадоци и др. активности.

Главни цели и приоритети за работа и конкретни активности на секторот јавно зеленило во наредна година ќе се насочи кон исполнување на програмата за одржување на ЈЗП и ЈПП која истата ќе биде зголемена со нови објекти за одржување а тие се:

1. Нас. Обласата,
2. Фудбалски стадион кој се наоѓа во близина на земјоделско училиште,
3. Кружен тек Александар Турунџев,
4. Булевар 8-ми септември (жардењера, подигнување на тротарно зеленило и дрворед),
5. Зелен појас кој се наоѓа меѓу улиците Прилепска и Филип II македонски
6. Парк кај ЛИДЛ

Исто така секторот планира активности кои ќе бидат изведени во 2026 година а се со поголем обем на работа и кои ќе траат поголем временски период се следни:
1. Кастрење и обликување на дрворед ул. Партизанска,
2. ул. Македонска фаланга
3. Бул. Ген.Васко Карангелевски,
4. Подигнување на нов дрворед со листопадни садници, тротоарно зеленило и хортикултурно уредување на жардењерата во средишниот дел на ул.8-ми Септември.

**Потребни ресурси**

Со ова може да се увиди дека покрај тековното одржување на постоечките објекти активностите ќе бидат со зголемен обем на работа со тоа што секторот ќе има потреба од зголемување на бројот на работници (20) , набавка на нова дигалка со корпа за кастрење на дрворедите во градот, тримери за одржување на зелените површини (7), набавка на приклучен дел –мулчер за косење на зелени површини (1), рајдер (1), трактор (1) и едно возило.

Ова инвестирање ќе придонесе за навремено и квалитетно изведување и извршување на сите активности за одржувањето на ЈЗП и ЈПП во градот и селата на територија на општина Битола.

Своите активности секторот ги врши врз основа на годишни програми за работа изработени од јавното претпријатие, а донесени и усвоени од страна на Управниот

одбор на ЈП Комуналец Битола и Совет на Општина Битола

Во состав на Сектор Јавно зеленило работат три одделенија:

- Одделение за одржување на јавна чистота
- Одделение за хортикултура
- Одделение за расад (расадник) со производство

**Одделение за одржување на јавната чистота**

Одделението за одржувањето на јавната чистота во градот, работењето ќе го изведува согласно Програма за одржување на јавната чистота на територија на Општина Битола за 2026 година, со која ќе се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота подразбира: машинско и рачно метење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, одржување на јавните површини и отворени простори на јавните објекти во зимски услови, поставување на комунална опрема (корпи, клупи, детски реквизити за играње и занимација) на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

**Одделение за хортикултура**

Активностите за 2026 година ке бидат во согласност со Програмата за одржување на јавните зелени површини за 2026 год. и се насочени во активности за подигнување на нови зелени површини, реконструкција на постоечките, доуредување на постоечките објекти со садници, одржување на дрвореди, кроење, кастрење, обликување, сечење, засадување на листопадни и зимзелени дрвја, косење на зелените површини, гриблање, наводнување, заштита на растенијата од штеточини, поставување на комунална и урбана опрема (клупи, жардињери, корпи за отпадоци).
И во наредната 2026 год, се предвидува санација и уредување на веќе постоечките паркови лоцирани во урбани заедници, маалски населби во градот и руралните населби на територија на Општина Битола, во поглед на поправка на постоечките детски реквизити, поправка на клупи и поставување на нови канти за отпадоци.

**Одделение за расадничко производство**

Во Одделението за расадничко производство се одгледуваат зимзелени и листопадни

декоративни садници во расадник Нови гробишта.
Активностите за 2026 година се во насока на засадување на нови едногодишни декоративни садници, различни видови на зимзелени садници, листопадни едногодишни садници од различни видови, ружи во различни бои и останат дендро материјал.

Во расадникот кај Новите гробишта освен одгледување на декоративни садници се предвидуваат да се произведат и метли за одржување на јавната чистота во градот.
Исто така во план е спроведување на континуитет во производството на сезонски расад за цвеќе во досегашните 8 пластеници со цел задоволување на парцелите на територијата на Општина Битола. Производството на сезонски расад се планира да се изведе во 2 турнуси, и тоа пролетно и есенско цвеќе.

**Техничка опременост**

За извршување на своите активности за работа Секторот Јавно зеленило располага со следната техничка опременост: 1 специјално возило со корпа, 1 возило цистерна, 4 трактори со приколки, 1 трактор наменет за одржување на тревната површина на градскиот стадион, 2 возила камионет, 2 комби возила, 1 специјални возила за метење на улици, 2 електрични специјални возила за метење на улици,1 електрично возило за празнење на корпите за отпадоци, едно мултифункционално возило БОБКЕТ како и специјализирани земјоделски машини како што се: електрични грбни косилки, електрична пила за сечење на дрвја, електрична самоходна косилка, дувалки за лисја, дувалка за снег, смукачка за лисја, моторни пили (обични и телескопски), мотокултиватори, косачки (обични и грбни), рајдери, трактори за косење, мулчер, едноосовински мотокултиватор, телескопски мулчер, телескопски секач за гранки и др. машини и алати потребни за извршување на предвидените активности.

**Инвестиционен план**

| | Средства | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделска механизација, алат опрема и повеќе наменски машини | 4.500.000 |
| 2 | Дендро материјал | 3.000.000 |
| 3 | Урбана опрема и детски реквизити | 4.000.000 |
| 4 | Дигалка | 3.720.000 |
| **ВКУПНО** | | **15.220.000** |

Средствата во износ од 15.220.000 денари, потребни за реализирање на овие

инвестиции ќе се обезбедат од сопствени средства.

**Планирани приходи**

Очекуваните приходи од Секторот Јавно зеленило ќе бидат 90.257.000 ден. или 30% од вкупните приходи кои се составени од:

Приходи од јавна чистота.............................................................24.114.000 ден

Приходи од Расадник и Цвеќара.....................................................1.973.000 ден

Приходи од Буџет на Општина Битола........................................40.000.000 ден

Приходи од фактурирани услуги ЈЗП.........................................12.600.000 ден

Приходи од Програма за прифатилиште.....................................10.000.000 ден

Други приходи..........................................................................1.570.000 ден

---

**ВКУПНО: 90.257.000ден**

**Кадровска опременост 83 работници**

Сектор Јавно зеленило располага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 6
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 26
- Основно образование ОО 50

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор Јавно зеленило и до одделението за човечки ресурси и планирани се 10 нови вработувања.

# Предлог план за работа на Секторот уредување и одржување на гробишта
# Основна дејност

Основна дејност на Секторот за уредување и одржување на гробиштата претставува управување, уредување и редовно одржување на старите Светонеделски гробишта, Нови гробишта и Буковски гробишта.

Секторот е задолжен за обезбедување уреден меѓугробен простор, како и за навремено и квалитетно извршување на сите придружни услуги.

Во рамките на својата работа, Секторот ги реализира следните активности:

- ✓ издавање право на владение на гробно место и одржување на гробни места;
- ✓ издавање на одобренија за погреб
- ✓ редовно уредување и одржување на меѓугробниот простор;
- ✓ услуги поврзани со покојни во капела;
- ✓ изградба на нови гробни места
- ✓ уредување на тревни површини и озеленување во рамките на гробиштата
- ✓ дополнителни дејности во координација со другите сектори
- изведба на градежни активности на територија на Општина Битола (бетонирање, поставување патеки, огради и урбани елементи и спортски реквизити, монтирање и демонтирање на знамиња за празници, давање помош во изготвување постаменти за бандери во Сектор осветлување, бетонирање на ниши за контејнери за смет)

Во рамките на своите надлежности, обезбедува и услуги поврзани со работата на капелата лоцирана во новите гробишта Св. Недела

## Техничка опременост

Секторот располага со техничка опрема и механизација потребна за ефикасно и навремено извршување на сите работни задачи.

Опремата опфаќа:

- 1 лесно моторно возило
- 1 тракторче – косилка

- 1 тример
- 1 моторна пила
- 1 режачка
- рачен алат  за копање, бетонирање и уредување
- опрема за чистење и одржување на капелите и заедничките простории
- контејнери и канти за отпад
- заштитни средства и опрема за безбедност при работа

**План за активности за 2026 година**

Во текот на 2026 година, се планира редовно извршување на активностите во рамките на својата дејност како и сервисирање на постојната механизација,  набавка на нови алати и опрема со цел зголемување на ефикасноста и безбедноста на вработените.

Во рамки на Годишната програма, секторот ќе ги реализира следните активности:

1. Редовно одржување на гробиштата со кои управува – косење, чистење, собирање отпад и одржување на патеки и чистење на одводните канали ;
2. Континуирано собирање и исфрлање на сметот од гробиштата и исфрлање на градежните материјали (земја и шут) после извршени погреби и споменичари од сите локации на  гробиштата ;
3. Бетонирање на најмалку 300 гробни места во нови Св. Неделски гробишта ;
4. Изградба на нови тоалети во стари Св. Неделски гробишта и спроведување вода во бараката ;
5. Набавка на 2 нови влезни врати и ПВЦ прозорци за канцеларија во капелата ;
6. Реновирање на бараката во стари  гробишта Св Недела и подобрување на условите во просторијата за работници  ;
7. Тековно косење на тревата и третман со хербициди ;
8. Катастарска евиденција на гробни места ;
9. Рамнење на просторот кој се подготвува за изработка на плоштатки во Новите гробишта
10. Изработка на патна и водоводна инфрастуктура ( поставување на чешми ) за новите парцели како и тампонирање и асфалтирање на веќе постоечките патеки ;
11. Поправка на патека во прва парцела ( пред Партизанските гробишта ) во Буковски гробишта – околу 250 $m^2$ ;
12. Изработка на план и поставување на осветлување околу капелата и по патеките во Новите гробишта ;
13. Набавка на 3 нови комори за покојни во капелата ;

14. Засадување и одржување на зеленило со цел подобрување на естетскиот изглед на просторот ;
15. Поставување на нови контејнери ;
16. Соработка со други сектори при реализација на заеднички комунални проекти ;
17. Континуирана грижа за чистота и хигиена, особено во периоди со зголемена фреквенција за време на верските празници ;
18. Набавка на нови железни постаменти за поставување на клупи ;

**Цели и приоритети**

Главните цели на Секторот за 2026 година се:

- подобрување на хигиената и визуелниот изглед на гробиштата;
- зголемување на ефикасноста на услугите и техничката подготвеност;
- модернизација на механизацијата и набавка на нова опрема;
- подигање на стандардите за одржување и услуга кон граѓаните;
- зајакнување на соработката со други комунални сектори и институции.

**Инвестиционен план**

| | Средства | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | **Изградба на нови тоалети во старите Светонеделски гробишта- Барака** | **1.500.000** |
| 2 | **Агрегат за Капела** | **2.500.000** |
| 3 | **Механизација за косење** | **540.000** |
| 4 | **Комори за во Капела** | **3.000.000** |
| **ВКУПНО** | | **7.540.000** |

Средствата за реализирање на овие проекти ќе се обезбедат од сопствени приходи и донации.

Секторот за уредување и одржување на гробиштата ќе продолжи со доследна реализација на своите задачи со цел обезбедување достоинствен, уреден и добро одржуван простор.

Преку постојано подобрување на инфраструктурата, модернизација на опремата и посветена работа на вработените, ќе се овозможи повисоко ниво на услуга за граѓаните и поефикасно управување со гробиштата под надлежност на претпријатието.

**Планирани приходи**

Во Секторот Уредување и одржување на гробишта во наредната година се планира приход од 24.360.000 ден. или 8% од вкупно остварениот приход.

Учеството на поодделните приходи е следно:

| | |
|---|---|
| Приходи од одржување на меѓугробен простор ........................................ | 7.390.000 ден |
| Приходи од давање на право на употреба како лична службеност на гробно место........................................ | 14.330.000ден |
| Регистрација на гробно место давање на уверенија и други приходи........................................................ | 900.000 ден |
| Приходи од капела........................................................................................ | 1.740.000 ден |
| **ВКУПНО:** | **24.360.000ден** |

**Кадровска опременост 28 работници**

Секторот Уредување и одржување на гробишта расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 4
- Средна стручна спрема ССС 15
- Основно образование ОО 9

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор уредување и одржување на гробишта и планирани се 5 нови вработувања

## Предлог план за работа на Секторот за Општи, правни работи и човечки ресурси

## Основна дејност

Секторот за општи и правни работи ги опфаќа работите на целокупното општо, правно и кадрово работење. Секторот ги врши следните задачи и обврски: изготвување на решенија од областа на правата и обврските на вработените, водење на кадровска евиденција, изготвување на договори, изготвување на тужби, жалби, приговори и други акти пред надлежни органи, изготвување на предлог акти на претпријатието,

изготвување на записници, одлуки и други акти за органите за управување, застапување и претставување на претпријатието пред судовите и другите органи, го организира функционирањето и работењето на архивското работење, го организира прибирањето, средувањето, чувањето и отуѓувањето на целокупната документација на претпријатието.
Во состав на секторот се:

- Одделение за општи, правни работи и човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

Одделението за општи, правни работи и човечки ресурси ги опфаќа работите поврзани за правата и обврските на вработените во претпријатието, целокупната правна работа на претпријатието пред судовите и другите државни органи, изготвување на актите како и целокупното архивско работење.
Во ова одделение се вршат активности како изготвување на решенија, тужби, жалби, приговори, барања и други акти за пред судовите и другите државни органи и институции. Го организира функционирањето и усогласувањето на архивското работење на претпријатието.
Во одделението за јавни набавки се спроведува целокупната постапка за јавните набавки согласно законската регулатива на Република Северна Македонија.

**Предвидени активности**

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси во текот на 2026 година, следејќи ги наплатите на корисниците на услугите од изминатите години, ќе врши редовно тужење на корисниците на услугите на ЈП Комуналец Битола, кои не ги подмириле своите долгови во законски наведените рокови. За таа цел се предвидува да се воспостави целосна координација помеѓу сметководствената и правната служба на претпријатието.
За унапредување на ефикасноста и точноста на работата на одделенијата се предвидува непосредна поврзаност со Секторот за финансисии,сметководство и комерција преку изработка на компјутерска програма за електронско водење на архива, како и компјутерска програма за рализација на договорите за јавни набавки.

**Кадровска опременост 14 работници**

Сектор за Општи,правни работи и човечки ресурси располага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 7
- Средна стручна спрема ССС 7

# Предлог план за работа на Сектор за Финансии, сметководство и комерција

## Основна дејност

Секторот за финансии, сметководство и комерција работи според Правилник за сметководство кој ги содржи сите меѓународни сметководствени стандарди и законски регулативи.

Секторот за финансии, сметководство и комерција поделен е на три одделенија:

- Одделение за сметководство и финансова оператива
- Одделение за наплата
- Одделение за план и анализа

**Главни цели и приоритети за работа на Секторот за финансии, сметководство и комерција**

- Обезбедување навремено, точно и транспарентно финансиско известување
- Подобрување на системот за планирање, контролирање и анализа на трошоците
- Усогласување со сите законски прописи и стандарди и ажурирање на сметководствените политики на претпријатието
- Подигање на ефикасноста на финансиските процеси преку мигрирање на апликативниот софтвер на повисока платформа и конекција на Секторот, со правна служба и одделението за јавни набавки со програми кои ќе користат заеднички податоци со цел поголем увид во внатрешната комуникација.

Служба за наплата и инкасанти

- Зголемување на процентот на наплата преку ажурирање на податоците
- Намалување на старите и доспеани побарувања или нивно дисконтирање
- Јакнење на дисциплината и точноста на инкасантите

**Конкретни активности и проекти**

- Дигитализација на дел од сметководствените процеси
- Унапредување на системот за контрола на трошоците по сектори
- Обуки на вработените во областа на нови прописи, сметководствени стандарди

Служба за наплата и инкасанти

- Активности за теренска наплата и контактирање на корисниците и пријавување на нови корисници
- Редовни неделни анализи кои ќе ги изготвува секој инакасант за реонот и месечни анализи на наплата по реони и инкасант

- Проекти за стимулирање на навремена наплата

**Очекувани резултати и придобивки**

- Зголемена финансиска стабилност на претпријатието
- Поголема наплата и намалување на неплатени побарувања
- Прецизни и навремени финансиски податоци за донесување на одлуки
- Поедноставени и побрзи работни процеси за вработените

**Потребни ресурси**

- Набавка на нова комјутерска и канцелариска опрема
- Потенцијална потреба од дополнителни вработувања
- Надградба на апликативниот софтвер
- Уреди за инкасантите за електронска евиденција како мобилни телефони
- ИТ поддршка

**Финансиски средства**

- Средства за обуки на вработените, одржување на софтвер и негово надградување, ИТ опрема и канцелариски опрема

**Предлози за унапредување на работните процеси**

- Воведување на систем за внатрешна контрола и известување
- Поголема координација меѓу секторите со цел поефикасна реализација на финансиските планови
- Донесување на интерни упатства и процедури

**Кадровска опременост 27 работници**

- Висока струча спрема ВСС 9
- Средна стручна спрема ССС 18

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор финансии, сметководство и комерција до одделението за човечки ресурси и планирани се 5 нови вработувања.

## Предлог план за работа на Сектор Канцеларија на директорот

## Основна дејност

Канцеларијата на Директорот ги опфаќа двете одделенија

- Одделението за подршка на директорот
- Одделението за БЗР и заштита на животната средина

Главни цели за работа на секторот Канцеларија на Директор за 2026 година се навремена набавка на потребната ХТЗ опрема за вработените во сите сектори на ЈПК, обезбедување на обуки и систематски прегледи на сите вработени и обезбедување на имотот на сите локации на ЈПК. Приоритетни активности кои треба да се реализираат во 2026 година во сектороот Канцеларија на Директор се следните:

- Подобрување на координацијата помеѓу двете одделенија во канцеларијата и помеѓу канцеларијата и другите сектори на ЈПК со цел поефикасно и поефективно работење на ЈПК Битола
- Редовна контрола и сервисирање на постоечкиот видео надзор, поставување на нов видео надзор на други локации доколку има потреба и редовна контрола на електронската евиденција за редовност на вработени
- Навремена контрола за термините и реализирање на здравствени прегледи (насочени, систематски, претходни и професионални) по проценка на ризик на сите вработени во ЈПК Битола
- Редовно сервисирање на постоечките ПП апарати (S2,S6,S9), по потреба надополнување на истите и набавка на нови ПП апарати и соодветни обуки на вработените за користење на истите
- Чистење на цевки и типли во котел, спалување и чистење на оџаци од парно – на две локации (во Дирекција и во Сектор Јавно зеленило)
- Да се изработат изјави за безбедност со проценки за ризик (за новоотворени работни места)
- Испитување на работните места (заземјување, осветленост, бучава, температура и исправност на рачни и електрични средства за работа)
- Да се планираат и извршат обуки за БЗР на вработените со зголемен ризик на работно место и обуки на ново вработени во ЈПК Битола
- Навремена набавка на потребната ХТЗ за сите сектори на ЈПК (летно одело, зимско одело, машки јакни, женски јакни, високи заштитни чевли, ниски заштитни чевли, кабаници, одело за дожд, зимски капи, појас за спасување, ракавици, гумени чизми, антифони, елек со висока видливост и сл.)
- Планирање и поставување на хидранти во Стопански двор, Нови гробишта и во Јавно зеленило (на ул.„Македонска фаланга“) и поставување на громобрани на одредени објекти
- Техничко испитување на дигалки монтирани на возила кои служат за натоварување и растоварување кај возилата за комунален отпад и на дигалката со платформа

- Спроведување на вакцинација на ризична група на вработени (вработени за собирање на отпад, возачи на специјални комунални возила, вработени во депонија Мегленци, вработени во сектор Јавно зеленило и сектор Управување и уредување на гробишта) со вакцина за цревен тифус

**Кадровска опременост 22 работници**

- Висока струча спрема ВСС 3
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 15
- Основно образование ОО 3

Во ЈП Комуналец има и пет самостојни работни места и едно именувано лице.

## Предлог план за работа на Сектор за технички работи и развој

## Основна дејност

Секторот за технички работи и развој на ЈП Комуналец Битола е одговорен за три клучни активности кои вклучуваат одржување на јавно осветлување, возниот парк и спортските објекти. Следниве области се дел од неговите задачи:

Во секторот за технички работи и развој спаѓаат следните одделенија:

- Одделение за јавно осветлување
- Одделение за одржување на механизација и возила
- Одделение за одржување на спортски објекти

**Одржување на возниот парк:**

Овој дел е задолжен за техничка исправност на возилата и редовното сервисирање. Вклучува редовни проверки и поправки на специјализираните возила (за собирање отпад, транспорт и други јавни услуги), како и механизацијата која ја користи ЈП Комуналец.

**Одржување на уличното јавно осветлување:**

Секторот е одговорен за сервисирање, одржување и модернизација на системот за улично осветлување. Ова вклучува редовни проверки на опремата, замена на неисправни светилки и проводници, како и развој на нови технологии за подобрување на енергетската ефикасност.

**Одржување на хигиената на спортските објекти:**

Секторот исто така се грижи за хигиената и функционалноста на спортските објекти како што се фудбалски терени, тениски терени и други јавни простори. Ова вклучува редовно чистење, косење на тревата и поправки на инфраструктурата.

**Структура на секторот, цели и приоритети за работа**

Секторот за технички работи и развој е организиран во три одделенија кои се специјализирани за различни аспекти на работата:

**Одделение за одржување на механизација и возила:**

**Главни цели:**

- Обезбедување технички исправна механизација и возила за непречено извршување на комуналните услуги.

**Приоритети за работа:**

- Редовни сервисни прегледи на сите возила и машини согласно годишен план.
- Обезбедување резервни делови

**Одделение за јавно осветлување:**

**Главни цели:**

Обезбедување безбедно и квалитетно јавно улично осветлување.

- Зголемување на енергетската ефикасност преку модернизација на системот.
- Намалување на дефектите и зголемување на одзивноста при интервенции.

**Приоритети за работа:**

- Редовно одржување и навремена замена на светилки и оштетена опрема.
- Имплементација на лед осветлување и паметни системи за контрола.
- Брза интервенција на пријавени дефекти и подобрување на безбедноста на јавните површини

- Изработка на годишни планови за проширување на мрежата на јавно осветлување.

**Одделение за одржување на спортски објекти:**

**Главни цели:**

- Обезбедување уредени, безбедни и функционални спортски објекти достапни за граѓаните.
- Долгорочно зачувување на спортските инфраструктури преку правилно одржување.
- Поддршка на спортските клубови и манифестации преку навремени технички услуги.

**Приоритети за работа:**

- Редовно чистење, уредување и поправка на спортските терени и објекти.
- Квалитетно одржување на тревнатите површини со примена на стандардизирани агротехнички мерки.
- Континуирани контроли за безбедност на инфраструктурата и навремено санирање на дефекти.

**Планирани активности и проекти што се предлагаат за реализација за 2026 година**

**Одделение за јавно осветлување**

**Одржување на уличното осветлување:**
Одделението ќе продолжи со редовно одржување на системот за улично осветлување во градот и руралните подрачја. Активностите опфаќаат поправка на оштетени светилки, замена на дефектни елементи и целосно сервисирање на опремата со цел обезбедување континуирана функционалност.

**Проект за зголемување на енергетската ефикасност:**
Проектот предвидува замена на старите светилки со нови лед светилки со повисока енергетска ефикасност. Со оваа промена се очекуваат значителни заштеди на електрична енергија, како и намалување на оперативните трошоци за одржување.

**Проект за промена на рефлекторите во Спортската сала „Боро Чурлевски“:**
Проектот опфаќа замена на постојните застарени рефлектори со лед рефлектори. Новото осветлување ќе обезбеди подобра видливост и поефикасно осветлување на спортскиот терен.

**Проект за енергетска ефикасност и лед осветлување на фасадите на Широк Сокак:**
Со овој проект ќе се постави ново лед фасадно осветлување со цел целосно доосветлување на преостанатите објекти на Широк Сокак. Проектот ќе придонесе за поубав визуелен изглед .

**Одделение за одржување на механизација и возила**

- **Редовно сервисирање на возила:** Одделението ќе продолжи со редовното сервисирање на специјализираните возила кои се користат за собирање и транспорт на отпад, како и на механизацијата (дигалки, виљушкари, трактори и други возила).
- **Реконструкција на механичарската работилница:** Ќе се инвестира во подобрување на работните услови во механичарската работилница, што вклучува модернизација на алатите и набавка на нова опрема.
- **Набавка на лесно возило:** Секторот ќе набави лесно возило (комби или слично) за подобрена ефикасност. Ова возило ќе се користи за транспорт на мали количини на материјали и екипа.

**Одделение за одржување на спортски објекти**

- **Одржување на спортски објекти:** Секторот ќе продолжи со редовно одржување на следниве спортски објекти:
- Спортска сала „Боро Чурлевски“
- Фудбалски стадион „Петар Милошевски“
- Помошни фудбалски игралишта и терени
- Тениски терени
- Куглана во спортската сала
- Одржување на тревните површини преку косење и собирање на тревата

Планот за 2026 година на Секторот за технички работи и развој на ЈП Комуналец Битола е детален и обемен, со јасно дефинирани цели и активности кои ќе обезбедат континуирано подобрување на инфраструктурата и јавните услуги. Со фокус на енергетската ефикасност, модернизацијата на системите за осветлување, редовното одржување на возниот парк и механизацијата, како и подобрувањето на условите за спортските објекти, планот ги покрива сите аспекти на техничкиот развој.

Финансискиот план предвидува целосно покривање на потребите за одржување и развој преку соодветно распределени приходи и расходи, а особено се истакнуваат вложувањата во енергетската ефикасност која ќе донесе долгосрочни заштеди. Со реализацијата на планираните активности, секторот ќе може да продолжи со обезбедување на високи стандарди на услуги за граѓаните на Битола и околните рурални подрачја.

Од кадровска страна, секторот располага со соодветен број на вработени со соодветна стручна спрема, што гарантира успешна имплементација на планираните активности. Планираната реконструкција на работилниците и набавка на нова опрема ќе придонесе за подобрување на работните услови и ефикасноста на секторот.

Овој план претставува цврста основа за натамошен развој и стабилно функционирање на Секторот за технички работи и развој во 2026 година.

**Инвестиционен план**

| Р.бр | Мерка | количина | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на механичарска работилница | 1 | 300.000 |
| 2 | Набавка на лесно возило за потребите на секторот | 1 | 600.000 |
| **ВКУПНО** | | | **900.000** |

Средствата во износ од 900.000 денари, потребни за реализирање на овие инвестиции ќе се обезбедат од сопствени средства.

**Кадровска опременост 19 работници**

- Висока стручна спрема ВСС 2
- Средна стручна спрема ССС 15
- Основно образование ОО 2

Сите вработени се задолжени за различни аспекти на одржувањето и развојот на инфраструктурата и услугите кои ги нуди ЈП Комуналец. Со дополнителна обука и инвестиции во опрема, секторот ќе биде подготвен за исполнување на своите задачи и во 2026 година.

**Планирани приходи**

Во Секторот Технички работи и развој во наредната година се планира приход од 28.289.000 ден. 10% во согласност со трите оперативните програми за улично јавно осветлување.

Учеството на поеделните приходи е следно

Приходи од спорски објекти .................................................................. 9.800.000 ден

Сервисирање на уличното осветлување за град Битола

и руралните средини .................... 7.500.000 ден

Сервисирање на уличното осветлување за енергетска ефикасност на

улици во Општина Битола ...................................................................10.989.200ден.

---

**ВКУПНО ...................................................................... 28.289.200 ден**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО СЕКТОРИ ЗА 2026 ГОД.

| р.бр | ПРИХОДИ | ПЛАН 2026 |
|---|---|---|
| 1 | **Сектор Комунална хигиена** | |
| | ѓубретарина од население | 82.400.00 |
| | ѓубретарина од правни лица | 32.800.000 |
| | приходи од собирање и депонирање на комунален отпад | 3.700.000 |
| | продажба на отпадна пластика | 90.000 |
| | приходи од собирање и балирање на хартија | 827.000 |
| | приходи од пластични канти | 550.000 |
| | приходи од продажба на ситен инвентар | 992.500 |
| | други приходи | 16.300.000 |
| | приходи од проекти | 16.000.000 |
| | **ВКУПНО:** | **153.659.500** |
| 2 | **Сектор Јавно зеленило** | |
| | приходи од јавна чистота | 24.114.000 |
| | приходи од расадник и цвеќара | 1.973.000 |
| | приходи од Буџет на Општина Битола | 40.000.000 |
| | приходи од фактурирани услуги и ЈЗП | 12.600.000 |
| | приходи од Програма за прифатилиште | 10.000.000 |
| | други приходи | 1.570.000 |
| | **ВКУПНО** | **90.257.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **Сектор Уредување и одржување на гробишта** | |
| **4** | приходи од одржување на меѓугробен простор | 7.390.000 |
| | приходи од давање во право на владеење во лична сопственост на гробно место | 14.330.000 |
| | регистрација на гробно место давање на уверенија и други приходи | 900.000 |
| | приходи од капела | 1.740.000 |
| | **ВКУПНО:** | **24.360.000** |
| | **Сектор за Технички работи и развој** | |
| | приходи од спортски објекти | 9.800.000 |
| | сервисирање на уличното осветлување за град Битола и рурални средини | 7.500.000 |
| | сервисирање на улич.осветлување за енергетска ефикасност | 10.989.200 |
| | **ВКУПНО** | **28.289.200** |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **296.565.700** |

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО СЕКТОРИ ЗА 2026 ГОД.**

| Конто синтетика | Општи трошоци | Сектор Комунална хигиена | Сектор Јавно зеленило | Сектор управување и орджување на гробишта | Сектор правна, финансии и канцелар.на директор | Сектор за технички работи и развој |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци на продадени производи и услуги | | 735.000 | 2.072.000 | | | |
| Трошоци на материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 100.000 | 17.530.000 | 5.700.000 | 1.200.000 | 2.200.000 | 9.586.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 130.000 | 3.200.000 | 3.900.000 | 700.000 | 1.200.000 | 640.000 |
| Вкалкулирани резервирања на материјални трошоци, бруто плати и останати трошоци за вработените | | 55.320.000 | 62.420.000 | 22.800.000 | 57.190.000 | 17.800.000 |
| Амортизација | | 2.400.000 | 1.700.000 | 300.000 | 310.000 | 200.000 |
| Нематеријални трошоци | 7.550.000 | 3.000.000 | 2.700.000 | 2.890.000 | 1.600.000 | 60.000 |
| Останати трошоци од работењето вредносно усогласување | | 250.000 | | | | |
| Останати расходи отписи | | 2.400.000 | 6.000.000 | 440.000 | | |
| Финансиски расходи камати и негативни курсни разлики | 200.000 | | | | | |
| **Вкупно** | **7.980.000** | **84.835.000** | **84.492.000** | **28.330.000** | **62.500.000** | **28.286.000** |
| **296.423.000** | | | | | | |

Планирани трошоци процентулно по сектори се:

- Општи трошоци 3%;
- Сектор Комунална хигиена 29%;
- Сектор Јавно зеленило 28%;
- Сектор Управување и одржување на гробишта 9%;
- Сектори Правна,Финансии и канцеларија на директор 21%
- Сектор за Технички работи и развој 10%

**План за распределба на вкупниот приход и поделбата на трошоците за 2025 година**

| | **ПЛАН 2025** | **% на уч.во ЈП** |
|---|---|---|
| Приходи од Сектор Комунална хигиена | 153.659.500 | 52 |
| Приходи од Сектор Јавно зеленило | 90.257.000 | 30 |
| Приходи од сектор Уредување и одржување на гробишта | 24.360.000 | 8 |
| Приходи од Сектор Технички работи и развој | 28.289.200 | 10 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **296.565.700** | **100** |
| Општи трошоци | 7.980.000 | 3 |
| Сектор Комунална хигиена | 84.835.000 | 29 |
| Сектор Јавно зеленило | 84.492.000 | 28 |
| Сектор Уредеување и одржување на гробишта | 28.330.000 | 9 |
| Сектор Правна,финансии и канцеларија на директор | 62.500.000 | 21 |
| Сектор Технички работи и развој | 28.286.000 | 10 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **296.423.000** | **100** |
| **ПЛАНИРАНА ДОБИВКА:** | **142.700** | |

ЈП Комуналец Битола

ВД Директор

Горан Степановски